**20080460784**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ И ТИПОВИТЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ И БРОЈОТ НА ЧАСОВИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ ВО ГАЃАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите и типовите на огнено оружје за потребите на правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот, како и бројот на часови за оспособување во гаѓање на работниците кои вршат обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: работниците за обезбедување).

Член 2

Правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот, за потребите на обезбедување, можат да ги набавуваат следните видови и типови на огнено оружје:

1. пиштол со рабно палење или пиштол со вкупна должина поголема или еднаква на 28 см., согласно член 4 став 5 точка 3 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007) и член 3 точка 4 од Правилникот за видовите на оружје кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на оддлени видови на оружје од А и Д категории („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2007);

2. полуавтоматска пушка со жлебена цевка – карабин и полуавтоматска пушка со нежлебена цевка – сачмарка, согласно член 4 став 5 точка 2 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007) и член 3 точка 3 од Правилникот за видовите на оружје кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на оддлени видови на оружје од А и Д категории („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2007).

Во зависност од видот на обезбедувањето што го врши правното лице, се користи соодветен вид и тип на огнено оружје од став 1 на овој член.

Член 3

Работниците за обезбедување кои вршат обезбедување на лица и имот можат да бидат вооружени со огненото оружје од член 2 став 1 точка 1 на овој правилник.

По исклучок од став 1 на овој член, работниците за обезбедување можат да бидат вооружени со огнено оружје од член 2 став 1 точка 2 на овој правилник, кога обезбедуваат:

-објекти од витално значење надвор од населено место, на отворен простор и

- транспорт на пари и други вредносни пратки.

Член 4

Работниците кои вршат обезбедување на лица и имот на јавни места, како и обезбедување на јавни манифестации, спортски, политички и културно - уметнички настани, не се вооружени со огнено оружје.

Член 5

Работниците за обезбедување се оспособуваат за гаѓање со огненото оружје од член 2 став 1 на овој правилник, во траење од шест часа во рамките на обуката.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за видовите и типовите на огнено оружје за потребите на правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот и бројот на часови за оспособување во гаѓање („Службен весник на Република Македонија" бр.41/2000).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 13.1-20201/1
27 март 2008 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.